# 10 ПРИЧИНИ ЗА ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА



OPEN SOCIETY
FOUNDATIONS

ОВОЈ ДОКУМЕНТ СОДРЖИ ДЕСЕТ ПРИЧИНИ ЗОШТО ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА Е НАЈДОБРАТА ПОЛИТИКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ, НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА, И ЗАЕДНИЦИТЕ. ОТФРЛАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ЗА СЕКСУАЛНА РАБОТА ОДИ РАКА ПОД РАКА СО ПРИЗНАВАЊЕТО НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА КАКО РАБОТА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ПРЕКУ СТАНДАРДИ ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО. ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА ЗНАЧИ ПОГОЛЕМА ВЕРОЈАТНОСТ ЗА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ДА ЖИВЕАТ БЕЗ СТИГМАТИЗАЦИЈА, СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ, И СТРАВ ОД НАСИЛСТВО.

Ревидирано во март 2015

Сексуални работници се возрасни лица кои добиваат пари или друга форма на надомест во замена за договорени сексуални услуги, или редовни или повремени.[1] Сексуален работник може да биде маж, жена или трансродово лице. Во повеќето земји, сексуалната работа и активности поврзани со неа се кривични дела.[2]

Сексуалната работа се криминализира не само преку забрана за продавање сексуални услуги, туку и преку закони со кои се забранува нудење секс, егзистенција преку заработувачката од сексуална работа, водење јавна куќа, или купување сексуални услуги. Покрај тоа, многу машки и трансродови сексуални работници се соочуваат со апсење, кривично гонење и вознемирување заради законите со кои се криминализираат истополови сексуални интимни релации. Сексуалните работници се исто така често казнувани за некривични дела, како што се скитање, бескуќништво и попречување на сообраќајот. Преку ограничување на слободата на сексуалните работници да преговараат со клиентите за употреба на кондом, да имаат пристап до јавни услуги како што е здравствена заштита, и да се организираат и застапуваат за своите права, криминализацијата ја зголемува ранливоста на сексуалните работници на насилство, изнудување, и здравствени ризици.[3]

Овој документ содржи десет причини зошто декриминализацијата на сексуалната работа е најдобрата политика за унапредување на здравствените и човековите права на сексуалните работници, нивните семејства, и заедниците. Декриминализацијата се однесува на отстранување на сите кривични и административни забрани и казни за сексуална работа, вклучувајќи и закони со кои се опфатени клиентите и сопствениците на јавни куќи.

Тоа е различно од легализацијата, која претставува законски режим кој се карактеризира со опсежна регулатива—и притоа може да се ограничат правата и заштитата, да се создадат механизми за злоупотреба од страна на властите, и да се изврши друго негативно влијание на сексуалните работници.

Нов Зеланд и Нов Јужен Велс, Австралија се две јурисдикции кои се познати по декриминализација на сексуалната индустрија.

Декриминализацијата оди рака под рака со признавањето на сексуалната работа како работа и заштита на правата на сексуалните работници преку законот за работни односи, и регулативата за безбедност и здравје на работното место. Кога е декриминализирана сексуалната работа, сексуалните работници можат да настојуваат да имаат побезбедни услови за работа и да го користат правосудниот систем да бараат оштета за дискриминација и злоупотреба.[4]

Поголема е веројатноста дека сексуалните работници ќе живеат без стигматизација, социјална исклученост или страв од насилство. Дури и кога е декриминализирана сексуалната работа, проституцијата со малолетни лица и трговијата со луѓе може и треба да останат кривични дела.

1 Види, на пр: UNAIDS, Guidance Note on HIV and Sex Work (2012), http://www.unaids.org/sites/default/files/sub_landing/files/JC2306_UNAIDS-guidance-note-HIV-sex-work_en.pdf.

2 UNAIDS, Global Network of People Living with HIV, et al., Making the law work for the HIV response (2010), http://www. unaids.org/en/media/unaids/contentassets/documents/priorities/20100728_HR_Poster_en-1.pdf.

3 Shannon K and Csete J, "Violence, condom negotiation and HIV/STI risk among sex workers," Journal of the American Medical Association 304(5), (2010): 573-74.

4 Armstrong L, "Screening clients in a street-based sex industry: Insights into the experiences of New Zealand sex workers," Australian & New Zealand Journal of Criminology 47(2), (2014): 207-222. Види исто Abel G, Fitzgerald L, Brunton C. "The impact of decriminalisation on the number of sex workers in New Zealand," Journal of Social Policy 38(3), (2009):515-531.

## 1 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА Е ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ДОСТОИНСТВО

Основа за современите човекови права е дека сите луѓе се родени слободни и еднакви во достоинството и правата.[5] Постојат многу причини зошто возрасни лица се занимаваат со сексуална работа, независно дали тоа е главен начин на егзистенција, привремен начин на опстанок, или можност за надополнување на други приходи.[6] Некои луѓе сметаат дека сексуалната работа нуди подобра заработувачка и пофлексибилни работни услови. Без оглед на причините, сексуалната работа е работа, и со сексуалните работници треба да се постапува со достоинство. Сексуалните работници во многу делови на светот се организираат да се борат за човековите права кои не може целосно да се остварат сè додека кривичните закони претставуваат закана за пристапот на сексуалните работници до правда, здравствени и социјални услуги; се поткопува нивното право на заштита на работните односи и на работното место; и тие се изложуваат на насилство, дискриминација и произволно апсење.[7]

## 2 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ПОМАГА ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ЗЛОУПОТРЕБА

Сексуалната работа сама по себе не е насилна; криминализацијата е тоа што ги става сексуалните работници во најголем ризик. Потребата да се избегне апсење—на сексуалните работници и нивните клиенти—значи дека сексуалните работници кои работат на улица мора често да се префрлаат на поизолирани места кои се помалку видливи за органите на прогонот, и каде насилството е поизразено.[8] Стравот од апсење и полициска злоупотреба ги ограничува времето и методите кои може да ги користат сексуалните работници за да направат преглед на безбедноста на клиентите без да бидат откриени од полицијата.[9] За оние сексуални работници кои не работат на улица, властите ги имаат затворено онлајн форумите за сексуална работа, како што е Redbook, каде на сексуалните работници им се нудат можности за подетален преглед на клиентите, а со тоа и поголема сигурност.[10] Овие фактори, надополнети со реалната или перципирана неказнивост за сторителите на насилство врз сексуалните работници, ги изложуваат сексуалните работници на зголемен ризик. На пример, откако во Шкотска се воведоа закони за криминализација на понудата во 2007 год., групите евидентирале двојно поголем број на пријавени силувања и напади.[11] Во јурисдикциите каде е декриминализирана сексуалната работа, како што е Нов Зеланд, сексуалните работници имаат поголема способност да направат преглед на клиентите, да работат во безбедни области со подобар пристап до безбедносните служби, и да се упатат кај полицијата во случај на насилство.[12, 13, 14]


5. Универзална декларација за човекови права, член 1.
6. Види на пр: Devine et al., "Pathways to sex-work in Nagaland, India: Implications for HIV prevention and community Mobilisation," AIDS Care 22, (2010): 228 -237.
7. Меѓународен комитет за правата на сексуалните работници во Европа, Декларација на правата на сексуалните работници во Европа (2005), http://www.sexworkeurope.org/en/resources-mainmenu-189/declaration-mainmenu-199.
8. Shannon K and Csete J. "Violence, condom negotiation and HIV/STI risk among sex workers," 573-74.
9. Kinnell, H, "Murder made easy: The final solution to prostitution?" In R. Campbell, & M. O'Neill (Eds.), Sex Work Now (2006): 141–168; Cullompton, Willan. Цитирано во: Armstrong, Lynzi, "Screening clients in a decriminalized street-based sex industry: Insights into the experiences of New Zealand sex workers." Australian & New Zealand Journal of Criminology 0(0), (2014): 1-16.
10. Conger, Kate, "MyRedbook shutdown could compromise sex worker safety, law enforcement resource," San Francisco Examiner, 27 јуни 2014, http:/www.sfexaminer.com/sanfrancisco/myredbookshutdown-could-compromise-sexworker-safety-law-enforcementresource/Content?oid=2834783.
11. "Attacks on prostitutes soar after vice 'driven underground' by law," The Scotsman, 16 април 2008, http://www.scotsman.com/news/attacks-on-prostitutes-soarafter-vice-driven-underground-bylaw-1-1164904.
12. Armstrong, Lynzi, "Screening clients in a decriminalized streetbased sex industry: Insights into the experiences of New Zealand sex workers," Australian & New Zealand Journal of Criminology 0(0), (2014): 1-16.
13. Ибид.
14. Министерство за правда на Нов Зеланд, Извештај за законот за проституција Комитет за ревизија на функционирањето на Законот за реформа на проституцијата 2003, (2008).

## 3 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ПРОТИВРЕЧИ НА ПОЛИЦИСКАТА ЗЛОУПОТРЕБА И НАСИЛСТВО

Кога сексуалната работа е криминализирана, полицијата има моќ врз сексуалните работници. Полицијата им се заканува на сексуалните работници со апсење, јавно понижување, и уценување. Во Централна и Источна Европа и Централна Азија, висок процент на сексуални работници пријавиле дека страдаат заради сексуални напади од страна на полицијата— кое изнесува дури високи 90 проценти во Киргистан.[15] Во Камбоџа, речиси половина од сите самостојни сексуални работници се претепуваат и речиси половина се силувани од полицијата; и околу три од секои четири сексуални работници во јавни куќи се претепувани, и над половина се силувани од полицијата.[16] Од Намибија до Србија, сексуалните работници пријавуваат силување од страна на полицијата додека се во притвор, често без кондом и често како предуслов за отпуст со кауција.[17, 18] Во тие примери, полицијата ги злоупотребува сексуалните работници заради нивната неказнивост, делумно бидејќи сексуалните работници се плашат од апсење или натамошна злоупотреба ако ги пријават тие кривични дела. Декриминализацијата ги јакне сексуалните работници да истапат и да поднесат приговори против полицијата која постапува незаконито, и да ги изнесат сторителите пред правдата без страв од последици по нивниот живот. Во Нов Зеланд, 57 проценти од сексуалните работници пријавиле дека се подобрил односот на полицијата по декриминализацијата од 2003 год.[19]

## 4 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ГО ПОДОБРУВА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Законите кои ја криминализираат сексуалната работа прават сексуалните работници да не се чувствуваат безбедно за да пријават кривични дела— вклучително и насилни кривични дела и друга злоупотреба—бидејќи се плашат од кривично гонење, полициско следење, стигматизација и дискриминација.[20] Во Норвешка и Шведска, на пример, многу сексуални работници се изјасниле дека е висок прагот тие да пријават кривично дело во полиција заради законите со кои се криминализира сексуалната работа.[21] Со декриминализација се отстрануваат таквите пречки. Откако Нов Зеланд направи законска реформа во 2003 год., многу сексуални работници се изјасниле дека може да се обратат на полицијата и судовите за помош без страв дека ќе бидат кривично гонети и тоа по прв пат во нивниот живот.[22] Во 2014 год., на пример, на сексуална работничка во Велингтон и биле доделени 25,000 новозеландски долари откако била постојано малтретирана од операторот на јавна куќа, кој ги повредил нејзините права од Законот за човекови права во земјата.[23]

15. Мрежа за застапување за правата на сексуалните работници (Sex Workers' Rights Advocacy Network -SWAN), Arrest the Violence: Human Rights Violations Against Sex Workers in Central and Eastern Europe and Central Asia, (2009), http://swannet.org/node/1639.
16 УСАИД, „Насилство и изложеност на ХИВ кај сексуалните работници во Фном Пехн, Камбоџа," (2006).
17 Rhodes et al., "Police violence and sexual risk among female and transvestite sex workers in Serbia: qualitative study," British Medical Journal 337(7669), (2008): 560 - 566.
18 Arnott, Jayne and Crago, Anna-Louise, "Rights Not rescue: A Report on Female, Male, and Trans Sex Workers' Human Rights in Botswana, Namibia, and South Africa," (2009).
19 Abel G., Decriminalization: A harm minimization and human rights approach to regulating sex work, (2010) p. 235.
20 Decker M R et al., "Human rights violations against sex workers: burden and effect on HIV," The Lancet HIV and Sex Workers, (2014): 60-73.
21 Види на пр:, Edlund C. and Jakobsson P., En annan horisont. Rose Alliance; Rasmussen I. et al. (2014), Evaluering av forbudet mot kjop av seksuelle tjenester. Vista Analyse AS, (2014).
22 Министерство за правда на Нов Зеланд, Извештај за законот за проституција Комитет за ревизија на функционирањето на Законот за реформа на проституцијата (2003), http://www.justice.govt.nz/policy/commercial-property-andregulatory/prostitution/prostitution-law-reviewcommittee/publications/plrcreport/documents/report.pdf; Види исто Abel G., "A decade of decriminalization: Sex work 'down under' but not underground," Criminology and Criminal Justice, февруари 2014, стр. 6.
23 "Escort wins landmark case," The New Zealand Herald, 1 март 2014, http://www.nzherald. co.nz/nz/news/article.cfm?c_id=1&objectid=11212075.

## 5 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ГИ ПОРЕКНУВА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КРИВИЧНО ДОСИЕ

Во многу земји, строгата и еднострана примена на кривичниот закон придонесува голем број сексуални работници да имаат кривично досие. Кривичното досие е често извор на стигматизација, и може драстично да ја ограничи иднината на едно лице. Во некои делови на САД, на пример, лица кои се осудени заради дела поврзани со сексуална работа се регистрирани како сексуални престапници и мора да носат документи во кои тие се идентификуваат како такви.[24] Сексуалните престапници често немаат право да добијат заем, стипендии за образование, или социјални станови.[25] Поединци кои имаат кривично досие поврзано со сексуална работа се соочуваат со големи тешкотии да најдат вработување кое не е сексуална работа. Политиките на работодавачите за проверка на искуството и ограничувањата за доделување лиценци во одредени области на работа речиси и да оневозможуваат промена на кариера.[26] Покрај тоа, кривична пресуда за дела поврзани со сексуална работа се користи и како основа за произволно повторено апсење и за одземање на родителско старателство.[27, 28] Земјите кои ја декриминализираат сексуалната работа треба да разгледаат ретроактивно поништување на кривични досиеја поврзани со сексуална работа.

## 6 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ГО ПОДОБРУВА ПРИСТАПОТ ДО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Декриминализацијата се поврзува со најдобар пристап на теренските работници до јавните куќи, и со најголема финансиска поддршка за здравствени програми за сексуални работници. Подобра финансиска поддршка значи поголем капацитет за работа на здравствените работници на терен во вечерните часови, кое е важна карактеристика бидејќи навечер е времето кога сексуалните работници се најзафатени.[29] Декриминализацијата, исто така, има покажано дека е зголемен пристапот до кондоми и стапката на употреба од сексуалните работници. На пример, во државата Нов Јужен Велс, Австралија, каде сексуалната работа е декриминализирана, има поголем пристап до и употреба на кондоми од страна на сексуалните работници отколку во други австралиски јурисдикции каде има различен степен на криминализација.

Покрај тоа, декриминализацијата им овозможува на сексуалните работници да работат во колективи во кои може да организираат соодветни, пристапни, и пристојни здравствени услуги за себе. Тоа овозможува една моќна алтернатива на стигматизацијата и дискриминацијата со кои се соочуваат сексуалните работници во

24 Проект за политики со најдобри практики., Извештај за САД поднесен до Советот на ОН за човекови права за 9-от Универзален периодичен преглед, (2010), http://lib.ohchr.org/HRBodies/UPR/Documents/session9/US/JS5_%20HSRI_Joint%20submission5_JS.pdf.
25 International Women's Human Rights Clinic, CUNY School of Law, Clearing the Slate: Seeking Effective Remedies for Criminalized Trafficking Victims. (2012), http://www.law.cuny.edu/academics/clinics/iwhr/publications/Clearingthe-Slate.pdf.
26 Ибид.
27 State of Arizona v. Monica Renee Jones, Docket No. 513, Superior Court of Arizona, Maricopa County, LC2013–9021636 [case citation pending].
28 Mogulescu, Kate & Mullen, Katherine, testimony before the City of New York Comm. on Women's Issues and the Comm. on Public Safety 8, Oversight: Combatting Sex Trafficking in NYC: Examining Law Enforcement Efforts – Prevention and Prosecution, (2011).
29 Harcourt C et al., The decriminalization of sex work is associated with better coverage of health promotion programs for sex workers. Australian and New Zealand Journal of Public Health 34(5), (2010): 482-486.

нивната интеракција со многу даватели на здравствени услуги. Програмата за јакнење и поддршка на хостеси во барови во Најроби, Кенија е пример кој може да се издвои помеѓу групите кои развиле здравствени услуги кои се испорачуваат во тесна соработка со заедниците на сексуални работници.

## 7 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ГО НАМАЛУВА РИЗИКОТ ОД ХИВ И СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ

Декриминализацијата на сексуалната работа може да спечи до 46 проценти од новите ХИВ инфекции кај жените сексуални работнички во текот на следната деценија.[30] Последната студија објавена од The Lancet заклучува дека декриминализацијата на сексуалната работа имала најголем потенцијал за намалување на ХИВ инфекции во заедниците на жени сексуални работнички— дури и многу повеќе од зголемениот пристап до антивирусна терапија.[31] Кога е декриминализирана сексуалната работа, сексуалните работници се зајакнати да инсистираат кај клиентите на употреба на кондом, и имаат повеќе можност за пристап до тестирање и лекување за ХИВ и сексуално преносливи инфекции.

Наспроти тоа, криминализацијата ја нарушува способноста на сексуалните работници да преговараат за употреба на кондом со клиентите.[32] Кога се видливи кондомите и отворено се преговара за употреба на кондом, сексуалните работници се во поголем ризик да бидат уапсени. Тоа ги одвраќа сексуалните работници и клиентите од употреба на кондом, особено оние кои вршат сексуална работа на улица и кои се изложени на најголем ризик од ХИВ инфекција. Како одговор на тоа, разни полициски служби ширум светот се одлучија да се прекине со употребата на кондоми како докази за проституција против сексуални работници.[33]

30 Shannon et al., Global epidemiology of HIV among female sex workers: influence of structural determinants. The Lancet 385(9962), (2014): 55-71.
31 Ibid.
32 Blankenship K and Koester S., “Criminal law, policing policy and HIV risk in female sex workers and injection drug users,” Journal of Law, Medicine and Ethics, 30 (2013): 548-559.
33 Полициските служби на Њујорк и Сан Франциско, двата најголеми града во САД, го применуваат овој пристап. Во двата случаи, активностите ги преземаше државниот обвинител или полицискиот комесар.

## 8 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ГИ УНАПРЕДУВА БЕЗБЕДНИТЕ РАБОТНИ УСЛОВИ

Декриминализацијата овозможува да се изработи регулатива за безбедност и здравје на работното место која е релевантна за сексуалната индустрија. Во Нов Зеланд, на пример, декриминализацијата овозможила да се вклучи сексуалната работа во Законот за работни односи, од каде произлегле и упатства за здравје во професијата кои сексуалните работници ги користат за да се залагаат за своите права кај работодавачите и клиентите.[34] Во Нов Јужен Велс, Австралија, декриминализацијата се поврзува со намален ризик за сексуалните работници од повреди во професијата и несигурност, во споредба со други австралиски јурисдикции.[35]

Декриминализацијата, исто така, ги унапредува безбедните работни услови за сексуалните работници со тоа што им се овозможува да се организираат. Сексуалните работници колективно можат да ги адресираат ризик факторите на работното место и да инсистираат на подобрени услови. На пример, заложбите за мобилизација на Колективот на проститутки од Нов Зеланд се клучни за нивното залагање за правата на безбедност на работното место.

## 9 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ОВОЗМОЖУВА ЕФЕКТИВЕН ОДГОВОР НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе претставува флагрантна повреда на човековите права, кое вклучува принуда на поединци на сексуална експлоатација или присилна работа. Сексуалните работници може да бидат природни сојузници во борбата против трговијата со луѓе, и може да се во добра позиција за да ги упатуваат жртвите на трговија до соодветни служби.[36] На пример, преку само-регулаторен одбор на сексуалните работници, Дурбар Махила Саманваја комитетот во Сонагахи (Колката) Индија можеше да ги идентификува и поддржи жените со кои се тргувало за сексуална експлоатација.[37] Кога се ослободени од заканата со кривични казни, сексуалните работници може да се организираат и да соработуваат со органите на прогонот.

Покрај тоа, законите со кои се забранува купување сексуални услуги често се промовираат како успешен начин за борба против трговијата со луѓе. Меѓутоа, не постојат докази за тоа. Извештајот на шведската полиција од 2014 год. покажува дека нема намалување во трговијата со луѓе во земјата по 15-годишна криминализација.[38] Напротив, декриминализацијата на сексуалната работа не предизвикува

34 Министерство за правда на Нов Зеланд, Извештај за законот за проституција Комитет за ревизија на функционирањето на Законот за реформа на проституцијата (2003) http://www.justice.govt.nz/policy/commercial-property-andregulatory/prostitution/prostitution-law-reviewcommittee/publications/plrcreport/documents/report.pdf.

35 Harcourt C et al. The decriminalization of sex work is associated with better coverage of health promotion programs for sex workers. Australian and New Zealand Journal of Public Health 34(5), (2010): 482-486.

36 UNAIDS, Guidance Note on HIV and Sex Work, (2009), http://data.unaids.org/pub/BaseDocument/2009/jc1696_guidance_note_hiv_and_sexwork_en.pdf.

37 Jana S et al., “Combating human trafficking in the sex trade: can sex workers do it better?” Journal of Public Health, 36(4), (2014): 622-628, http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pubmed/24179187.

38 Rikspolisstyrelsen, “Människohandel för sexuella och andra ändamål,” RPS Rapport, (2014): 8.

зголемена трговија со луѓе. На пример, Нов Зеланд, каде сексуалната работа е декриминализирана во 2003 год., се смета, дури и во САД, дека е една од оние земји каде најефективно се работи на трговијата со луѓе.[39]

# 10 ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА ПРОТИВРЕЧИ НА ДРЖАВНАТА КОНТРОЛА ВРЗ ТЕЛАТА И СЕКСУАЛНОСТА

Декриминализацијата на сексуалната работа го признава правото на сите луѓе на приватност и слобода од несоодветна државна контрола на сексот и сексуалното изразување. Различниот третман на сексуалната работа од друг тип на работа е пример за долгата историја на владина контрола врз телесната автономија, самоопределба, и сексуалност. Декриминализацијата ги почитува родовата еднаквост и сексуалните права. Законите против сексуална работа навлегуваат во приватното сексуално однесување и претставуваат еден вид на државна контрола врз телата на жените и ЛГБТИ лицата кои се најмногубројни помеѓу сексуалните работници ширум светот.[40] Како и државната контрола врз репродуктивните права и сексуалниот чин помеѓу согласни возрасни лица, кривичните закони кои ја забрануваат прават обид за озаконување на моралноста со несоодветно внимание на телесната автономија.

39 Стејт департмент на САД, Извештај за трговија со луѓе (2014), http://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/2014/index.Htm.

40 Трансродовите лица ретко се законски заштитени од дискриминација на основ на родов идентитет, и дискриминицијата при вработување може да биде еден фактор кој ги наведува да се вклучат во сексуална работа. Види, на пр:, K Slamah, S Winter and K Ordek. Stigma and violence against transgender sex workers. RH Reality Check, 16 декември 2010, http://www.rhrealitycheck.org/blog/2010/12/16/stigmaexclusion-violence-against-transworkers.

## Фондации Отворено Општество

Фондациите Отворено Општество  работат на градење динамични и толерантни демократии каде владите се отчетни пред граѓаните. Работејќи со локалните заедници во над 100 земји, Фондациите Отворено Општество ги поддржуваат правдата и човековите права, слободата на изразување, и пристапот до јавно здравје и образование.

## Програма за јавно здравје

Програмата за јавно здравје на Отворено Општество има за цел да се градат општества кои се посветени на инклузија, човекови права и правда, каде законите, политиките и практиките за здравјето се темелат на докази и ги отсликуваат тие вредности. Програмата работи на унапредување на здравствените и човековите права на маргинализираните лица преку градење на капацитетите на лидерите и организациите на граѓанското општество, и преку застапување за поголема отчетност и транспарентност во здравствените политики и пракса.

Open Society Foundations

224 West 57th Street

New York, NY 10019 USA

212-548-0100

**contact@opensocietyfoundations.org**

**www.osf.to/health**

**OPEN SOCIETY**
FOUNDATIONS